Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) **Градоначалникот на Општина Гази Баба**, на ден 08.05.2020година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на намена А4 - времено сместување (викенд куќи) на КП 1277/3 и дел од КП 1277/1, КО Раштак, Општина Гази Баба – Скопје , кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на намена А4 - времено сместување (викенд куќи) на КП 1277/3 и дел од КП 1277/1, КО Раштак, Општина Гази Баба – Скопје нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Во рамките на планскиот опфат се планира следната намена А 4 - времено сместување - викенд куќи. Изградбата на овие објекти со намена А4 не предвидува кумулативен ефект врз животната средина и здравјето на луѓето.

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08 – 1809
Од 08.05.2020год,
Скопје

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Борис Георгиевски